**20121042742**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006,18/2007, 36/2007, 92/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 25 јули 2012 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ И ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ЗА БИОМЕДИЦИНСКО ПОТПОМОГНАТО ОПЛОДУВАЊЕ ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ КОИ ВРШАТ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Член 1

Во Правилникот за критериумите за склучување договори и постапка за остварување на правото и начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 97/2010, 99/2011), во членот 3 став 1 на крајот на реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: „во мрежата на здравствени установи.“

Ставот 3 се менува и гласи:

„Договорите се склучуваат во согласност со мрежата која ја утврдува Владата на на Република Македонија по предлог на Министерството за здравство, а по доставената понуда за склучување на договор од страна на здравствената установа заедно со потребната придружна документација.“

Ставот 4 се брише.

Член 2

Во членот 11 став 1, по зборот „утврдува“ се додаваат зборовите: „врз основа на Планот и програмата на здравствените услуги ,“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-13188/5
25 јули 2012 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Елена Трпковска,** с.р.